
НАСТЕЛ ТАФТАЛИЏЕ

# НАСТЕЛ ВАШИОТ ПАРТНЕР ЗА ЖИВОТНА ИНВЕСТИЦИЈА

Настел е градежна компанија основана во 2002 година од Euro Suisse Credit AG која со посветена работа, градителска стручност и лојалност кон нашите клиенти и партнери стана синоним за квалитетна градба и сигурна инвестиција. Нашите објекти се потврда за професионалноста за која се залагаме, континуирано подобрувајќи го квалитетот и поставувајќи ги трендовите во градежништвото во Македонија. По успешната реализација на проектите во изминатите години го почнуваме досега најголемиот проект: комплексот Настел Тафталиџе кој ќе се гради по врвни европски стандарди и ќе обезбеди услови за удобно домување со главен акцент на квалитетот на материјалите, изведбата и енергетската ефикасност. Пред сè веруваме во задоволни купувачи и затоа основен примат е на нашите клиенти да им понудиме најдобар спој на цена и квалитет, да ја оправдаме довербата која ни ја укажуваат и заеднички да градиме доверба во годините кои допрва доаѓаат.

## Важни аспекти при купување стан

Купувањето на сопствен дом е долгорочна инвестиција со трајна вредност која ги дефинира нашите животи, тоа е инвестиција која треба да ја задржи или зголеми вредноста на вашето вложување, затоа секогаш при купување на стан имајте ги на ум следниве аспекти кои ја определуваат сегашната и идната вредност на имотот.



### КВАЛИТЕТ
Инвестираме во најквалитетни градежни материјали, опрема од врвни брендови и укажуваме особено внимание на постојана контрола од 12 инженери на Настел и стручни надворешни соработници на најголемите добавувачи со цел да се достигне врвен квалитет при градењето.

### ЛОКАЦИЈА
Поставеноста на зградата, ориентацијата, широките, непречени визури и поврзаноста со инфраструктурата (близината на градинки и училишта, продавници, паркови и јавен превоз) ја определуваат вредноста на имотот и начинот и квалитетот на животот.

### ФУНКЦИОНАЛНОСТ
За поголем комфор при живеењето становите се со максимална искористеност на просторот, светли и модерни ентериери, големи тераси, зградите се со широки, природно осветлени ходници, два брзи лифтови во влез и подземен паркинг.

### СИГУРНОСТ
Брзината на градба, исполнување на роковите за добивање клуч на рака, долгорочните гаранции за вградените материјали и долгогодишната традицијата на пазарот во Макдонија им дава сигурност на нашите клиенти за инвестиција во недвижен имот од Настел.

### ЦЕНА
Енергетската ефикасност, економичноста, атрактивната локација и околната инфраструктура, функционалноста на становите, комфорот на зградата и сигурноста на Вашата инвестиција формираат цена кое е најдоброто нешто кое го нудиме во однос со квалитетот кој го добивате.

### КРЕДИТИРАЊЕ
Предимотните листови на Настел, поради високиот кредибилитет и финансиска стабилност на компанијата во банкарскиот сектор, се прифаќаат за хипотека и обезбедување на кредит по најповолни услови и забрзана процедура при одобрување.

# МАПА


гуц
педагошки факултет
Варшавска
сугс ѓорѓи димитров
настел тафталице
Булевар 8ми септември
Прашка
алумина
веро 2
тцц гранд плаза
Митрополит Теодосиј Гологанов
македонска куќа

# АКТИВНОСТИ И ПОТРЕБИ СПОРЕД БЛИЗИНАТА

## 1 - 15 min **ПЕШ**

**СУПЕРМАРКЕТ** Веро / Тинекс / Рептил / СП маркет

**ОБРАЗОВНИ ИНСТИТУЦИИ**
**Градинка** - Мајски цвет / Пролет / Nova
**Основно училиште** - Војдан Чернодрински / Јан Амос Коменски / Nova
**Средно училиште** - Георги Димитров / Здравко Цветковски - ГУЦ / Никола Карев / Nova
**Факултет** - Педагошки / Електротехника и информациски технологии / Машински

**АВТОБУСКИ СТАНИЦИ** на ул. „Митрополит Теодосиј Гологанов" и бул. „Партизански Одреди"

**СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ** Тениски клуб МТП / Фитнес центар ТЦЦ Гранд Плаза / Кети Фит / Форца Спортски центар

**РЕЛАКСАЦИЈА** Тафталиџе парк / ТЦЦ Гранд Плаза Спа Центар / Ескулап

## 15 - 30 min **ПЕШ**
## 5 - 10 min **СО ВЕЛОСИПЕД**

**ШОПИНГ и КАФЕ** Лептокарија / Скопје Сити Мол / Беверли Хилс / Буњаковец

**СЛОБОДНИ АКТИВНОСТИ** Градски парк Скопје / Зоолошка градина Скопје / Луна Парк

**СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ**
**На отворено** - Кеј (патека Вардар) / Тениски терени Александар Палас
**На затворено** - Спортски центар Борис Трајковски / Базен Карпош

## > 30 min **ПЕШ**
## 10 - 30 min **СО ВЕЛОСИПЕД**
## 5 - 20 min **СО КОЛА**

**РЕКРЕАЦИЈА** Водно / Матка

**ЦЕНТАР и СТАРА ЧАРШИЈА** бизнис, културен, историски и транспортен центар

# Конструкција и изведба

Комплексот Настел Тафталиџе е еден од најголемите станбено деловни комплекси во последната декада во Македонија со бруто развиена површина од околу 60,000 квадратни метри и за која имаме затворено финансиска конструкција од сопствени средства во износ од 40,000,000 евра. Комплексот има 7 влезови кои етапно ќе се градат во три фази. Во првата фаза почнуваме со изградба на 4 ламели со приземје, девет ката и поткровје, 330 станови распоредени во 4 влезови со по 2 лифта во влез и паркирање на едно ниво под објектите. Сите станови имаат отворени визури кон градот и луксузни тераси. Во приземјето се наоѓаат деловни простории со галерии и висина од 6m.

Ламелите се армирано бетонска скелетна конструкција, која е ревидирана од Проф. д-р Горан Марковски, професор на катедрата Бетон на Градежен факултет, со ревизија и редовна контрола од ИЗИИС. Бетонот кој се вградува е од најквалитетните македонски производители и постојано ги надминува проектираните марки на бетон. За изградбата се ангажирани најдобрите изведувачи на градежно занатски работи, кои работат со современи технологии и опрема и имаат добро обучени мајстори и стручен кадар.



# ТЕРМИЧКА И ЗВУЧНА ИЗОЛАЦИЈА

## Фасаден ѕид

Со контактна ксинти термофасада, графитен стиропор од 10 см, завршно обработена со силиконски абриб, термо - ѕигли со 5 комори и дебелина од 20cm обработени со гипсан малтер од внатрешна страна и новата генерација Geneo прозори со 6 комори и 3 стакла (4 сезонско стакло , flat стакло и К-ниско емисионо стакло) полнети со аргон гас обезбедуваме А класа енргетска ефикасност на објектите. Целосниот систем по кој градиме ќе Ви заштедат до 6 пати повеќе енергија и пари.

## Прерграден ѕид помеѓу станови и ходник

Со веќе докажана и измерена звучна изолација во последните 6 објекти на Настел од над 60dB продолжуваме да го импплементираме комбинираниот ѕиден прерграден систем од термоблокови кои се опшиени со Кнауф W623, односно независна конструкција од 5cm која е целосно исполнета со камена волна и затворена со две гипс картонски плочи. На овој начин обезбедуваме одлична звучна изолација, со проектирана вредност од 68dB, која е повисока од стандардниот норматив Македонија.

## Прерграден ѕид во стан

Knauf W112 и W112i е системски ѕид кој има подобра звучна и топлинска заштита од класичниот малтерисан ѕид и нуди поголема флексибилност, функционалност и естетика. Лесната изведба може многу брзо да го измени распоредот во Вашиот стан, во зависност од новите потреби. Ѕидот исто така е одлично решение за прицврстување на товари, кои со сооедветна типла држат навистина сè. Санитарните чворови поради влажноста во просториите се со класичен малтерисан ѕид премачкан со Knauf хидроизолација.













Исклучително внимание посветуваме на квалитетот на вградените материјали и начинот на вградување на истите, како би обезбедиле долгогодишни гаранции од производителите. Во становите вградуваме трослоен храстов паркет, 100% природно дрво фабрички импрегнирано, со завршна обработка на еден од најтрајните лакови на пазарот со што овозможува голема отпорност на оштетување и лесно одржување. Паркетот се инсталира со двокомпонентен лепак врз подна кошулица која во својот состав има две табли еластичен стиропор за одлична звучна изолација помеѓу катовите.

Становите имаат максимално природно осветлување што придонесува до удобен и комфорен простор за живеење. Обработката на ѕидовите е со природни еколошки гипсани малтери и гипс табли од светскиот бренд Кнауф, кои ја регулираат влажноста во просториите и создаваат здрава клима за живеење. Настел вградува внатрешни и сигурносни врати по современата западна технологија со висока естетика и одличен изглед. Сигурносната влезна врата е противпожарна изработена од цврста челична конструкција, со 4 фиксни и 10 подвижни точки. Внатрешните врати се со прави каси и магнетни брави.







Внимателно избраните плочки и санитарии му даваат луксузен изглед на станот, па затоа во становите вградуваме керамика од актуелните производни програми на најдобрите европски производители. Се работи за плочки кои се ласерски сечени и дизајнирани со најновата инцект технологија, имаат модерни големи димензии, сјајна глазура и матирани облоги, природни бои, длабоки нијанси и мермерни камени ефекти. Во тоалетите се вградуваат прва класа санитарии од најдобрите европски брендови Roca, Ideal Standard и Grohe за кои производителите даваат 5 години гаранција.

Туш кабините се современо дизајнирани, изработени од лизгачки профили со калено стакло кое при евентуално кршење се претвора во ситен прав како не би дошло до повреди. Особено внимание обрнуваме на хидроизолацијата во бањата, кујната и терасите, простории кои се изложени на влажност, па затоа и користиме исклучиво Knauf хидроизолација која најчесто се користи за базени. Постојаната техничка подршка од стручни лица од Knauf кои даваат препораки и вршат постојан увид и контрола во фаза изведба е дополнително осигурување за идните корисници на становите.

# ФАСАДА

Препознавајќи ги навиките на локалното домување и користејќи ја предноста на локацијата која овозможува непречени отворени визури кон градот од секој стан се одлучивме значајно место во проектот да им дадеме на раскошните тераси. Добро димензионираните тераси се со стаклени огради кои ќе бидат изведени од ламилирано стакло од 10mm, односно 2 x 5mm со сигурносна фолија што значи дека при удар стаклото само ќе распука но ќе ја задржи безбедносната улога, како не би постоела никаква опасност од кршење. Украсните елементи и декоративните лајсни околу фасадната столарија покрај тоа што ја збогатуваат фасадата и ѝ даваат раскошен лик имаат и улога во зајакнување на споевите околу прозорците.



# Постапка за купување на недвижен имот со кредит

1. Склучување на Преддоговор за купопродажба на недвижен имот во НАСТЕЛ

2. По извршена прва уплата или капар согласно Преддоговор за купопродажба на недвижен имот следува заверка пред надлежен нотар и негово предбележување во Листот за предбележување во Агенција за катастар на Република Македонија

3. Апликација за кредит во една од деловните банки каде потребни документи кои купувачот треба да ги достави до банката: заверен Преддоговор за купопродажба на недвижен имот и Лист за предбележување на градба за соодветниот објект.

4. По одобрување на кредитот од страна на банката пред надлежен нотар се склучува Договор за залог (хипотека) на недвижниот имот-стан кој се купува во граба на основ на предимотен лист или друга недвижност која е сопственост на купувачот.

5. По завршување на изградбата на објектот и исплата на вкупната купопродажна цена определена во Преддоговорот за купопродажба на недвижен имот следува примопредавање во владение на Купувачот со записник за примопредавање на истиот.

6. Откако ќе биде добиен Имотен лист на име на НАСТЕЛ следува склучување на главен Купопродажен договор пред надлежен нотар.

7. Главниот Купопродажен договор се доставува до Град Скопје по кое следува упис во Агенција за катастар на недвижности и добивање Имотен лист на име на купувачот.

*Напомена: Недвижниот имот (стан/деловен простор/паркинг место) е ослободен од плаќање данок на промет на недвижност, единствено се плаќа данок на промет (3%), која е минорно мала сума за градежното земјиште кое се пренесува во идеален дел заедно со станот, деловниот простор или паркинг местото.


влез 4
влез 3
влез 2
влез 1
N

# Тафталиџе ВЛЕЗ 1




N
41.58 m²
47.05 m²
72.36 m²
46.23 m²
65.48 m²
60.50 m²
60.50m²
65.46 m²

# Тафталиџе ВЛЕЗ 3



## Тафталиџе ВЛЕЗ 4



НАСТЕЛ ДООЕЛ Скопје
Даме Груев бр. 14
Интекс Деловен центар - IV кат
1000 Скопје, Р. Македонија
+ 389 2 3117 011; +389 2 3296 433
070 268 476; 070 330 812
nastel@nastel.com.mk
Nastel.mk